Антолог
www.antolog.mk
ISBN 608243124-3
9 786082 431246
Книги за сите генерации

Саво Костадиновски Бисера и Филип Savo Kostadinovski Bisera und Philip

Саво Костадиновски
Savo Kostadinovski

Бисера и Филип
Bisera und Philip

Антолог

Саво Костадиновски

БИСЕРА И ФИЛИП

Антолог

Библиошека

Моиште први книги

книга 20

јануари 2016

© АНТОЛОГ СКОПЈЕ
(прво издание)

Сите права се задржани

Главен и одговорен уредник
Жарко Кујунџиски

Ликовно-графичко обликување
antolog@gmail.com

Превод на германски
Волф Ошлис

Лектура
Кристина Велевска

Печатница
Графоден

Тираж
150

Printed in Republic of Macedonia

НАМЕСТО ВОВЕД

Секоја книга што сум ја напишал, било да е тоа поезија или проза, било да е за возрасни или за деца, содржи различна тематска и инспиративна основа.

Оваа збирка со кратки раскази за деца ја создадов како еден вид игра, пишувајќи ги во времето кога бев и кога не бев заедно со моите внучиња Бисера и Филип.

При тоа, во оваа пригода, кога тие, еве, веќе се објавени во засебна збирка, морам да нагласам дека пишувањето раскази во ваква куса форма не е воопшто едноставна работа. Сепак, поради големата љубов кон моите внучиња, многу случки, настани, кажувања и досетки што ги слушнав и ги уочив при нашите заеднички средби и видувања, ги преточив во вакви прозни минијатури.

Така, со право можам да посочам дека оваа збирка ми е „главен сведок“ дека на овој начин најдобро им се оддолжувам ним; воедно, потврдувајќи колку тие биле постојано со мене, па колку и да сум бил оддалечен од нив, и – каде и да сум бил отпатуван по светот!

Авторот

ФИЛИП И БИСЕРА

Кога Бисера се роди, Филип беше уште мал. Тој прв пат виде толку мало бебе во неговиот дом.

Многу се радуваше на неговата новородена сестричка и, загледан во неа, често ја прашуваше мајка си:

– Мамо, мамо, зошто бебето плаче? Зошто спие толку многу? Зошто не се смее и не зборува?

– Ех, Филипче, – и овој пат, како и многупати пред тоа, мајка му се обиде да најде разбирлив одговор на неговите прашања. Откако по којзнае кој пат му објасни сè за неговите можности и потреби, таа шеговно дополни:

– Ти, сине, каде си видел и слушнал мало бебе гласно да се смее и да зборува?

– Сум видел, мамо, и сум слушнал...

– Ајде, кажи, каде си видел?! – заинтересирано го праша мајка му.

– Па, мамо, еднаш на телевизија, едно бебе неколку пати го гледав и го слушав како гласно се смее и зборува.

На овие зборови, и мајка му на Филип гласно се изнасмеа. А Филип, за да излезе сè според неговите детски сфаќања и разбирања, одново ѝ постави едно ново, зачудувачко прашање:

– Мамо, не можеш ли ова бебе да го замениш со друго бебе, кое знае да се смее и да зборува?

– Не го менувам за ниедно друго на светов, – одговори мајка му, – меѓу другото, и затоа што по извесно време и нашето ќе почне гласно да се смее и да зборува со милно гласче, исто како твоето!

БАБО, КАДЕ ИМА СРАМ?

На оваа возраст на која е Филип, не е ни чудо што не знае за срам.

Дури и самиот збор не му е јасен. Но, слушнал и запаметил многу нешта во врска со срамот за кои зборувале возрасните. А и за тоа дека „тој нема срам“...

Еден ден Филип ја праша баба му:

– Бабо, зошто јас немам срам?

– Зошто, де? – поднасмевнато се праша и баба му.

– А каде го има? Може ли да се купи негде? – Филип продолжи да прашува.

Баба му веќе смисли како да му објасни:

– Па, малите деца немаат срам...

Одеднаш Филип како да се досети нешто, и одново праша:

– А Биби, има ли срам таа?

– Биби е уште помала од тебе, и таа исто така нема срам, – му одговори баба му.

– А-х-а-а-а?! – кратко изусти Филип, и како да се согласи со сознанието дека и Бисера „нема срам“, па смирено продолжи да си игра со неговите играчки.

А можеби и да го бара срамот некаде?!

СОНЦЕ ЗА БИСЕРА

Уште додека одеше во детска градинка, Филип учеше да црта. И научи.

Еден ден, на еден лист хартија нацрта големо сонце.

Кога го прашаа зошто нацртал само едно сонце, Филип одговори:

– Го нацртав затоа што мама по цел ден на мојата сестричка Бисера ѝ се обраќа со зборовите: „Сонце мое! Сонце мое!“ Затоа овој цртеж со големо сонце ќе го ставам на ѕидот во собата на Биби! Таа е сонцето на мама!

Набргу потоа, мајка му, Бети, без да види Филип, на истиот лист доцрта уште едно сонце.

ВО СЕЛОТО ЉУБАНЦИ

На еден викенд со Филип отидовме во селото Љубанци. Таму имаат викендичка неговиот дедо Никола и бабата Светлана.

Во селото Филип секогаш се чувствува добро.

Го видов како среќно и весело си игра во дворот. Радосно ми објасни дека од таа височина се гледа цело Скопје. Се гледа и Водно, а и други планини.

Насмеано го ислушав, но и јас му се пофалив:

– Филипче, сакаш ли да знаеш како изгледа моето родно село Ботуше?

– Да, дедо, сакам, – ми одговори Филип.

– Моето село е во подножјето на планината Добра Вода. Од сите страни е опкружено со други планини. Среде тие планински убавини, се наоѓаат Ботушките извори...

Откако уште многу нешта за мојот роден крај му раскажав на Филип, тој ми рече:

– Дедо, тоа село сакам наскоро да го видам!

– Важи, Филип, и јас исто така сакам да одам во Ботуше – за заедно да се радуваме на убавините на селото и на природата.

ИГРА ЗА БИСЕРА

Филип се обидува и неговата сестричка Бисера да ја вклучи во некои игри. Дава сè од себе, но Бисера одбива – таа е уште бебе.

– Биби не знае да си игра! – Филип се жали.

А потоа додава:

– Но, гледајте, – вели, – Биби има рачиња мали, и со нив може братчето свое да го гали. Па, и тоа е игра, нели?

За миг Бисера ја крена десната рака и почна да ја врти како знаменце на ветер.

Филип горделиво отрча кај мајка му и викна на глас:

– Види, како ја научив! Сега можам да си играм со Биби!

„ПОГРЕШНА“ ФОТОГРАФИЈА

На една витрина во дневната соба стоеше една фотографија од мајка му на Филип. Во една прилика, го запраша дедото:

– Кое е ова дете, дедо?

– Тоа е мојата ќерка Бети, твојата мама.

А и мајка му потврди:

– Да, јас сум тука мала, како бебе...

Филип налутено извика:

– Тоа не е твојата Бети, тоа е мојата мама.

Тој не можеше да разбере дека станува збор за иста личност. Затоа јас зедов една негова фотографија од витрината и му ја покажав:

– Ова е мојот внук Филип, син на мојата ќерка Бети.

По ова мое кажување, Филип целосно се збуни.

Дури вечерта дојде кај мене и ми објасни дека тој, сепак, го разбрал тоа што му го објаснував, па и повеќе од тоа! Јасно разбрал дека Бисера е негова сестра, мајка му е моја ќерка, а Бисера е моја внука.

– Од каде сега знаеш? – зачудено прашав.

– Е, тоа ми го раскажа баба, таа знае подобро да објаснува, – ми одговори тој.

ДОБАР ЗАНАЕТ

Филип слушнал од нас, возрасните, некое кажување, според кое сме нагласиле дека секој човек, кога ќе порасне, треба да научи некој занает.

Иако очигледно тој сè уште не знаеше што значи зборот „занает“, сепак, набргу потоа настана ситуација при која некој од нас дома го праша што сака да биде кога ќе порасне.

Без многу да размислува, Филип одговори:

– Кога јас ќе пораснам, сакам да бидам дедо.

Малку зачудено, но насмевнато, јас му поставив ново прашање:

– Зошто токму дедо?!

А Филип веднаш ми одговори:

– Затоа што дедовците не работат, а сепак имаат пари.

ИДЕЈА

Една мала фотографија од Филип постојано ја носев со мене.

Во една прилика Филип ја забележа. Му се допадна многу, зашто тој на неа беше снимен во нова спортска облека. И – место да ми ја врати, со трчање отиде во неговата соба за да ја скрие таму.

Штом се врати, го прашав:

– Филип, каде е фотографијата?

– Дедо, јас ја скрив. Ќе ти ја донесам во Келн, – ми одговори.

Го погледнав зачудено и, според неговиот израз на лицето, веднаш сфатив колку нему му беше тешко што јас веќе утредента морав да отпатувам од Скопје за Келн.

„ДЕДО, ВИДИ МУСКУЛИ!“

Честопати кај Филип, дома, се собиравме на разговор. Ние, возрасните, имавме разни теми на кои понекогаш разговаравме надолго и нашироко.

Во тие пригоди Филип се чувствуваше некако осамен и запоставен, па, за да се вклучи и тој во нашиот разговор, имаше навика да каже нешто многу гласно.

Еднаш, така, во една таква ситуација, ме викна на сиот глас:

– Дедо, дедо, види мускули!

Јас му се доближив и внимателно го погледнав. Но, веднаш не сфатив што сакаше да ми објасни.

Дури отпосле разбрав сè.

Со мускулите го глумеше „Херкулец“, кого претходно го видел на телевизија.

Глумењето беше успешно, иако името на Херкулес погрешно го изговораше.

10

„МАЧЕТО БИБИ“

Прекрасен пролетен и сончев ден.

Тој ден за прв пат Бисера ја облекоа во скроена облека која личи на мече. Потоа излегоа на прошетка во паркот.

Бисера се радуваше на нејзината нова облека, а се радуваа и нејзините родители кои ја придружуваа.

Бидејќи таа изгледаше толку убаво и интересно, тие со мобилниот телефон ѝ направија неколку снимки.

Кога по прошетката се вратија дома, Бисера почна да се гледа себеси; мигум на снимките, мигум во огледалото. Сакаше да согледа и да се увери самата каде таа изгледа поубаво.

Тогаш нејзините родители сосема оправдано си помислија во себе:

„Не е важно каде Биби изгледа поубаво... Нешто друго е поважно и поточно од сè: Биби не е мече! Биби е само едно наше мало, убаво девојче!“

„МАЈСТОРОТ“ ФИЛИП

Често го гледам Филип како со коцки си игра и сè нешто гради, „мајсторисува“. Прави високи кули, мостови, и потоа се фали што и како изградил.

Во една таква пригода, шеговито му реков:
– Кој е мајстор –
и мајстор ќе биде:
а тоа, еве,
на дело се виде!
Филип изградил зграда,
убави и високи,
та, за неговите игри детски,
тие беа зграда светски.

Видов конструкции слични
на проектите од неговата мама
со едноставност детска ги гради
неговите зграда.

Потоа дојде неговата сестра
со насмевка ја сруши
неговата цела градба
за што веднаш ме праша
Ако јас станам мајстор
ќе работи ли Бисера во фирма за рушење?

ФИЛИП – АРХИТЕКТ

Мајка му на Филип е архитект.

Кога Филип дозна дека архитектите проектираат мостови, големи и мали згради, куќи и секакви други градби, реши и тој да „проектира“ барем една куќа.

Откако ја нацрта куќата, почна самиот да се фали:

– Види, мамо, и јас сум архитект!

Иако „неговата куќа“ повеќе личеше на колиба, мајка му го зеде цртежот и го намести во рамка.

А зошто не, кога, всушност, и таа, таквата „куќа“ на малиот архитект Филип, има доволно простор за во неа да му ги чува спомените од детството.

И МЕСЕЧИНАТА СПИЕ

Од балконот на зградата во која Филип живее, многу често навечер се гледа месечината.

Филип постојано ја набљудуваше со восхит и радост. И неа, и ѕвездите кои пловеа по небесната шир.

Една вечер, додека тој стоеше на балконот, месечината не се појави. Колку и да се обидуваше да ја здогледа, не дочека да ја види.

Тогаш Филип вознемирено почна да прашува:

– Каде е месечината? Кога повторно ќе ја видам?

Ние брзо се сетивме во што е проблемот и веднаш му одговоривме:

– Тука е, Филипче. Сега е ноќ и време е за спиење. Исто како и секое дете, така и месечината мора да спие.

Овој пат Филип беше попослушен од кога и да е, и навреме си легна во неговото креветче.

Иако таа вечер Филип не ја виде месечината најаве, можеби ноќе ја сонуваше токму неа!?

НАЈДОБРАТА БАБА НА СВЕТОТ

Филип занесено гледа детски филм. Гледа како едно внуче ја фали неговата баба, велејќи дека таа е најдобрата баба на светот.

Виде и како таа го храни. Му даде и јаболко и банана, да јаде и да порасне голем.

Филмот заврши. А на Филип нешто друго му стана мошне чудно и несфатливо.

„Зошто бабата на внучето свое не му даде чоколадо? А тоа ја пофали дека таа е најдобрата баба на светот!?“ – си помисли тој.

Беше сосема очигледно дека Филип не се согласува со содржината на филмот.

За него неговата баба е најдобрата баба на светот! Таа секогаш има чоколадо кај неа, наменето за нејзиното внуче.

15

НА РОДЕНДЕН ВО ИГРОТЕКА

Во центарот на Скопје, во една убава игротека, на Филип му славевме роденден.

Филип наврши три години. Тој ги покани неговите другарчиња и беше пресреќен поради тоа што дојдоа во прекрасните простории каде што тој славеше.

Со радост ги отвори подароците, а многу го израдува и големата роденденска торта. Радоста се гледаше и кај децата и кај нивните родители.

И јас се радував на насмеаните лица и на можноста да присуствувам на овие весели мигови.

Направив неколку фотографии, за денот да го проследувам и на нив.

По одморот во Скопје, фотографиите ги однесов во Келн.

Се потсетив на моето детство, и си помислив:

„Колку би било убаво да имав некоја фотографија од моите детски роденденi! Еден ден на моето внуче ќе му кажам за мојот фото-албум во 'Музејот за спомени', кој го чувам во тој далечен град!“

16

СЛАДОЛЕД ЗА БИСЕРА

Не ретко, и Филип има некои свои, добри идеи.

Така, еднаш, шетајќи низ градот, ја замоли мајка си:

– Мамо, ајде, те молам, купи ѝ на Биби сладолед!

Мајка му насмевнато му одговори:

– Биби е уште мала за сладолед.

Но, Филип беше упорен:

– Добро, мамо. Штом ти не сакаш, тогаш јас ќе ѝ купам, со мои пари. Сакам да ја научам како се јаде сладолед.

Мајка му веднаш сфати во што се состои целата замисла на упорниот Филип, па затоа се согласи да купи сладолед „за Биби“.

Кога дојдоа дома, Филип зеде лажичка и ја понуди сестричката. Но, таа одби да јаде. (Се разбира, Бисера беше уште премалечка за да може да јаде сладолед!)

Тогаш мајката го праша Филип:

– Што е сега, Филипче?!

– Ништо, мамо... Биби не може само со еден сладолед да се научи. Ти треба секој ден да ѝ купуваш по еден сладолед, а натаму мој проблем е како јас ќе ја научам како се јаде сладолед! – мудро возврати Филип.

11
НА СКАЈП

Само што допатував од Берлин во Келн, во станот каде што живеев, веднаш се вклучив на Скајп. Се видов со сите мои најблиски роднини, а, се разбира, и со Филип.

Овој пат тој имаше многу нешта да ми каже. Во градинката научил нова песничка. На англиски научил да брои до десет.

– Слушна ли, дедо, што научив? – ме праша одушевено.

Тогаш јас од чантата извадив едно автомобилче, токму таква какво што Филип ми нарачуваше претходно.

Штом виде колку е убаво, ги пружи рачињата, мислејќи дека ќе го дофати. Но, не можеше... Можеше само да се расплаче.

Мајка му мораше да го теши со ветувањето дека јас набргу ќе ги посетам и тогаш ќе му го донесам...

Дојде и тој ден.

Филип со трчање дојде кај мене и ме праша:

– Дедо, автото?

– Еве го, Филип, тука е...

Очите му светна од радост, а целиот стан стана прекрасна патека за неговиот забревтан автомобил.

18

КАКО ЛЕТААТ ПТИЦИТЕ?

На една прошетка со Филип, низ еден парк во Скопје, забележав со колкави восхит и љубопитство тој ги гледа птиците додека летаат. Му објаснив дека тие имаат крилја и затоа можат да летаат.

– Па, дедо, и авионите имаат крилја, затоа и тие летаат, нели?

– Да, Филип, имаш право, – му потврдив. – Но, авионите ги управува пилот, човек кој што научил да ракува со нивните машини.

– Дедо, дедо, и јас сакам да станам пилот, и јас сакам да летам по небото, повисоко и од птиците! – посака Филип.

– Ех, – воздивнав јас, – кога тие ќе пораснеш и ќе станеш пилот, јас сакам со авион од Скопје до Келн да долеташ на посета кај мене! Важи ли?

– Да, дедо, важи! – извика Филип и дури полета од радост.

Колку брз одговор и договор!

ЦРВЕНАТА ЛИНИЈА

Честопати Филип беше немирен и непослушен речиси по цел ден. Едноставно, претеруваше, како со играчките, така и со нас дома.

Едно претпладне, се обидов да го смирам.

– Филипче, – му се обратив милно – отсега натаму сакам да бидеш мирен и пристоен! Може ли? – го прашав.

Но, иако одобри, Филип продолжи и натаму со неговите немирлаци. Затоа морав најстрого да му речам:

– Филип, до тука е црвената линија!

Филип очигледно не ги разбра овие мои зборови, па отиде кај баба му Јадранка да се пожали.

Штом се врати, ми соопшти:

– Дедо, ја нема веќе црвената линија! Баба ја скри.

И потоа – се знае: тој продолжи со неговите немирни игри, а јас, штом не успеав да го убедам, останав зад црвената линија!

ТАКА ДЕЦАТА РАСТАТ...

Во еден убав летен ден, попладне, излеговме јас, Филип и мајка му на прошетка во паркот, каде што најчесто Филип си игра.

Наеднаш Филип ја здогледа неговата другарка Теа, со која си игра речиси секој ден. Вешто се симна од количката и со трчање се упати кон неа. Патеката беше стрмна и тој од невнимание и од премногу брзање се препна и падна.

Се исплашивме да не се повредил. Но, не. Филип веднаш стана и продолжи да оди кон Теа, која го дочека со насмевка и со зборовите кои што сигурно ги слушнала и запомнила од возрасните:

– Ех, Филип, така децата растат...

Потем весело продолжи да си игра со неа како ништо лошо да не се случило.

По овој настан сите ние не можевме да се изначудиме како Филип се воздржа да не заплаче од паѓањето врз цементните плочки, а пред нас понекогаш и при најблаго скарување – веднаш се расплакува!?

„АЈДЕ, ДЕДО, ШИЗИ...“

Тоа лето кога од Келн дојдов на одмор во Скопје, Филип имаше две години. За роденденот му донесов неколку подароци и една честитка.

Честитката беше така направена што кога ќе се отворе-ше се слушаше музика.

Во еден таков момент, додека од честитката се гласеа весели звуци, видов како Филип се држи за неговото столче и, играјќи, се ниша лево-десно.

Потоа ми се обрати и мене:

– Ајде, дедо, шизи...

Во меѓувреме, дознав дека на Филип не му е тоа прв пат. Така правел и другпат: штом ќе слушнел музика, веднаш барал „друштво“ некој со него да „шизи“.

Ете, така, и јас сега морав да се согласам да „шизам“ заедно со него.

За да му се исполни желбата, но и за да ги отпуштам мускулите од долгото патување.

„РОДЕН ЗА БЕЛИ“

Го гледам Филип како си игра. На сите можни и неможни начини. Нема нешто што не го прави.

Мајка му го опоменува да биде повнимателен, да не се повреди, или да не направи некоја беља.

Филип продолжува да си игра исто како пред тоа. Никого не слуша.

И јас се обидов да го смирам. Не успеав. Но, откако почна да прави уште поголеми лудории, разлутено му реков:

– Филип, ти за бели ли си роден?

Мајка му се обиде повторно да го смири, а Филип ѝ одговори:

– Мамо, мамо, остави ме да си играм. Ќе правам бели и натаму, затоа што дедо ми рече дека сум роден за бели.

КОЈ ПРАВИ ЦИРКУС?

Денеска беше редот на мене, јас да го чувам Филип. Тој се радуваше што е со мене. Но, некои од неговите игри мене не ми се допаѓаа. Кога виде дека јас упорно го спречував да се качува по скалата, Филип подналутено ми рече:

– Дедо, те молам, престани да правиш циркус!

„А-ха?! – си помислив, – штом Филип се буни, сепак, јас имам право!“

Нашето препирање го слушна и баба му. Ни пристапи, ни ја зеде скалата и нè опомена обајцата:

– Не правете циркус во собава! Крај на претставата!

ЗДРУЖЕНИ ПАЛАВНИЦИ

Кога Филип е кај дедото Никола и бабата Светлана, честопати кај нив е и неговиот братучед Стефан. Покрај нивните детски игри, Филип и Стефан понекогаш умеат да бидат и мошне палави.

– Такви се нивните години... – си зборуваме меѓу нас, и сите заедно се успокојуваме со надежта дека тој период од детството нема долго да им трае.

Сепак, кога тие двајцата палавници се заедно, е тешко, многу тешко да се надгледуваат. Тогаш сите се прашуваме кој да ја преземе таа обврска, настојувајќи секогаш да ги проследуваме нивните палавости. Особено кога тие се одвиваат во дворот...

Чиниш, таму, во таа ширина и слобода, како одеднаш да им никнуваат крилја!

А ние, возрасните, ги немаме...

ФИЛИП ВО МЕКСИКО

Да патува секој од нас сака, па, така, и Филип наш патува без никаква мака.

Вчера беше во Нов Зеланд и Монако, а денес за миг стигна во Мексико, ами како?!

Та тоа е толку едноставно!

Филип има голема карта на светот, и секогаш кога ќе посака – со прстињата негови патува без мака.

Потоа, се разбира, има право да се фали:

– И без чекорење, и без превозни средства: без авиони, автомобили, автобуси, без возови – колку брзо се стигнува, ej, – движејќи ги само прстињата мали!

ПРЕСМЕТКА НА ГОДИНИТЕ

Во една прилика, го видов Филип како во неговата соба си игра со еден голем автобус. Решив да се пошегувам со него. Го прашав:

– Зошто не си играш со сестричката Бисера?

А Филип ми одговори:

– Па, дедо, Биби има само една годинка...

Потоа, тој мене ме праша:

– Дедо, а колку години имаш ти?

– Шеесет и четири, – му одговорив, но, притоа веднаш забележав дека Филип не знае колку многу години се тоа.

Решив да му објаснам со едни ситни фигури од неговите играчки.

– Еве, Филип, толку години имам, колку што овде, на овој куп, има играчки.

Филип како да не сакаше или не можеше да да поверува на толкуте многу години, па почна „по негово“ да објаснува:

– Дедо, ти имаш толку години колку што може да собере автобусот од овие играчки, нели?

И почна да ги мести и да ги трупа во него и врз него.

„ИМАМ И ДРУГ ДЕДО...“

Регалот за книги го имав купено од поодамна. Еден ден решив да ги монтирам неговите полици.

Тука беше и Филип. Откако виде што работам, ми пристапи за да помага.

Му реков:

– Ти играј си свои игри. Мал си за ваква работа.

Но, Филип беше упорен и јас морав да му дозволам да ми помага, колку да се смири ситуацијата.

Му дадов една полица да ја држи од едната страна, за јас да ја прицврстам од другата. Потоа, на шега, му реков:

– Немој да ме отепаш со некоја од полиците! Внимавај како ги држиш, зашто, ако ме отепаш, знај, ќе немаш дедо.

Филип со еден кус поглед ме загледа, и веднаш ми рече:

– Дедо, знаеш дека јас имам уште еден дедо?

– А, така ли?! – го погледнав и јас. – Добро, Филип, тогаш ќе ме немаш мене како дедо, а ќе немаш и регал за книги. Ќе немаш каде да ги чуваш твоите сликовници, книги и тетратки.

Филип ме разбра и дојде да ме гушне.

Значи, се смиривме, и тој остана успешно да ми помага, бидејќи и натаму ќе има двајца дедовци.

ЗАЕДНИЧКИ ДОГОВОР

Не знаев тој ден дека Филип ќе дојде кај мене. Јас бев во мојата работна соба и ги читав дневните весници. Наеднаш влезе Филип и многу ме изненади.

Откако се гушнавме, почна да ми раскажува што видел некогаш порано кога бил во зоолошката градина.

Јас веднаш се сетив дека имам една книга со слики од зоолошка градина. Слика по слика, почнав да му покажувам разни птици, мајмуни, лавови, жирафи, слонови, зебри, срни...

Книгата не ја прелиставме докрај, затоа што Филип ме запре и почна да ми објаснува:

– Животните се многу поубави кога ги гледаш надвор, во природа, а не на слика, – ми нагласи тој.

– Да, Филип, – му одговорив. – Затоа ти ветувам дека деновиве заедно ќе одиме во скопската зоолошка градина. Да ги видиме сите животни што живеат таму и да им се восхитуваме.

ЦВЕЌИЊА ЗА МАМА

Штом Филип почна да учи како се пишуваат букви и броеви, многу сакаше и да црта.

Еден ден, во градинката во која престојуваше, забележа како поголемите деца од него цртаат цвеќиња по повод Осми март – Денот на жената, па и тој се нафати да нацрта неколку.

Откако успеа да ги заврши и да ги обои со разни бои, долго ги гледаше и им се радуваше. Потоа и тој, како и поголемите деца, својот цртеж ѝ го подари на мајка си по повод празникот.

Таа, одушевена од подарокот, на сите дома гласно им соопшти:

Има ли поубаво цвеќе на светов од тоа кое останува вечно во спомените? Таквото цвеќе никогаш не свенува, нели?!

ИЗНЕНАДУВАЊЕ

На денот кога прооди Бисера, Филип беше во детската градинка. За да го изненадиме со веста дека Бисера проодила, се договоривме таа да го пречека на врата кога тој ќе zasвони на звончето.

Така и постапивме.

Штом ја здогледа застаната до вратата, Филип се изненади и гласно извика:

– Види, види, Биби проодила?!

Сите се радувавме на тој настан, но Филип – најмногу!

Ја фати за рачето и ја шеташе низ собата.

Тоа попладне и вечерта Филип како да заборави на неговите играчки. Нему сестричката Бисера му стана најомилена играчка.

Следниот ден, во детската градинка во која престојуваше, Филип се фалеше пред неговите другарчиња. Постојано кажуваше како со Бисера везден си игра и се шета. Така Филип се увери колку се драги ваквите изненадувања и колку долго се паметат...

А кога еден ден Бисера ќе порасне голема, голема, сигурно ќе ѝ раскаже и за ова, па тогаш и тој и таа, обајцата заедно, силно ќе се изнасмеат.

31
ИГРАЧКИ ЗА БИСЕРА

Еден ден се договоривме со Филип да излеземе и да купиме играчки за Бисера. Меѓутоа, штом влеговме во продавницата за играчки, на Филип „умот му летна“ на сите страни. Почна да посега по некои играчки коишто него го интересираат.

– Ајде, Филип, кажи кои играчки ги одбра за Биби? – го прашав за да го вратам на целта на нашето влегување во продавницава.

Филип ме загледа со насмевка и почна да ме разубедува:

– Дедо, за Биби имам дома цел куп играчки. Освен тоа, за неа мама подобро знае да одбере...

По кратко двоумење што да сторам, јас се согласив со објаснувањата на Филип.

Откако ги одбравме играчките за него, се упативме кон касиерката за да платиме.

Одејќи натаму, Филип здогледа една кукла.

– Дедо, нели оваа кукла е добра за Биби? – ме праша.

Мојот одговор беше потврден, а згора на тоа јас додадов:

– Штом ти мене ми забрани да купувам играчки за Биби, тебе ти е дозволено!

Филип, пресреќен што доби полни раце играчки за него, продолжи да се радува на играчките што тој, лично, ги одбра за неговата сестричка.

„ДВА ДОМА“

Во еден разговор со Филип, реков:

– Набргу, кога ќе се вратам во Келн...

Филип добро го запомнил ова мое кажување, па еднаш ме праша:

– Дедо, зошто ти имаш два дома?

Воопшто не ми ми беше лесно да му го објаснам тоа, но, сепак, се обидов.

Му реков дека во Келн работам, во Келн сум веќе многу години, а во Келн е родена и неговата мајка.

Потоа продолжив да му објаснувам:

– ...Еден ден, поодамна, се преселивме овде, во Скопје. Ете, затоа, јас имам два дома. Патувам за Келн и – по неколку месеци – пак сум во Скопје. Но, Филип, знај дека при секое мое доаѓање те гледам тебе сè поголем и поголем.

Овие мои зборови многу му се допаднаа; дека сè поголем и поголем го наоѓам штом ќе дојдам од Келн, па почна да ме моли:

– Дедо, те молам доаѓај почесто за да пораснам уште поголем, и уште побрзо!

НА РАЗДЕЛБА СО ФИЛИП

Одморот ми помина и морав одново да отпатувам од Скопје за Келн.

Филип со родителите дојде на автобуската станица за да ме испрати.

Љубопитно се обѕираше наоколу. Прв пат видел толку многу автобуси и толку многу луѓе на едно место.

Автобусот пристигна навреме. Пред да се поздравиме, му реков на Филип:

– Еве, стигна мојот автобус со кој ќе патувам!

Филип ме погледна некако зачудено и, место да се поздрави со мене, викна накај мајка си:

– Мамо, мамо, дедо има автобус! И јас сакам да имам ваков голем автобус!

При целата тежина поради разделбата, сепак, донекаде ме расположи за да си спомнувам патем на таа случка...

На следното мое доаѓање кај Филип, му донесов автобус – играчка.

За да си игра со него, а не за навистински да патува по разни земји, како мене.

14

РАЗГЛЕДНИЦА ОД ПАРИЗ

На некои роденденi на Филип не бев присутен, затоа што не бев во Скопје. Причината за моите отсуства на тој убав и значаен ден беа моите чести службени патувања. Низ Германија или низ некоја друга европска земја

Така, на петтиот роденден на Филип, се случи да бидам отпатуван за Париз и таму да престојувам, а не во Скопје.

Само јас си знам како се чувствував тогаш. Какви носталгии и копнежи ме мачеа затоа што не бев крај внукот Филип и внуката Бисера!

И, што ми остануваше тогаш? Како поинаку да се справувам со носталгиите и со копнежите, ако не со пишување раскази или песни, инспирирани од нив?

Но, тогаш кога бев во Париз, покрај напишаниот расказ, на Филип му пратив и една разгледница. А, кога се вратив во Скопје, му донесов и сувенир – Ајфеловата кула, од која, кога бев качен на неа, посакував да го здогледам и мојот сакан внук, распеан крај неговата свечена роденденска торта.

РАЗБИРАЊЕ

Мајка му на Филип често го прашува:

– Ајде, Филипче, ти кажи ми што сака Бисера?

Филип веднаш почнува да објаснува:

– Зошто се чудиш, мамо? Биби објасува онака како што знае – на бебешки јазик. А некогаш треба да ѝ го разбереме и говорот на рачињата, со кои посакува нешто да ни каже.

Мајка му мудро молчи и чека да слушне што уште ќе дополни Филип.

– Јас, еве, разбирам сè што сака Биби, – продолжува тој. – А ти, мамо?

– Не, не, јас не разбирам сè што кажува таа... – му одговора мајка му, и подзамислено се прашува себеси:

„Доколку и возрасните би се разбирале така лесно како и децата, зар нема целиот свет да живее во мир, како што мноштвото луѓе на светот и вистински посакуваат?!“

36
ЦРТЕЖИТЕ НА ФИЛИП

Кога за прв пат ги видов цртежите на Филип, бев пријатно изненаден. Веднаш прифатив со некои од нив да ги илустрирам книгите кои му ги имав посветено.

„Колку се убави! – си помислив, – преубави за неговите претшколски години!“

Филип стоеше крај нив и почна да ми ги објаснува. Горделиво повторуваше:

– Види, дедо, види, дедо...

Малку подоцна, и јас го запрашав:

– Како се вика оној човек кој црта слики?

Филип не знаеше да ми каже.

Му реков:

– Тој што црта слики, се вика уметник. Знаеш ли сега?

– Знам, – ми одговори Филип.

А мене ми беше сосема јасно дека и Филип е уметник. Голем уметник за неговите неговите мали години.

Тоа тој со неговите цртежи веќе целосно го потврди.

СРЦЕ СО ЦРТЕЖИ

Еден ден, мајката на Бисера и Филип ги собра нивните цртежи што тие ги нацртале. За да бидат подеднакво пофалени и таа и тој, реши нешто да смисли.

Зеде еден голем лист хартија и на него нацрта едно големо срце. Во тоа големо срце ги залепи цртежите и од Бисера и од Филип, и гласно им рече:

– Дечиња мои, мили! Вашите прекрасни цртежи ги носам во срцево! Но, за да може секој да ги види, да дознае колку се убави и колку јас ги сакам, и колку тие ме прават среќна, решив да ги залепам на овој лист со големо срце!

Потоа таа го намести листот на највидно место во собата.

Таму каде навистина ќе може да ги види секој добредојден гостин во нивниот стан.

ПРВАТА РАЗГЛЕДНИЦА ДО БИСЕРА

Само што стигнав во градот Рејкјавик, веднаш им пратив разгледница на моите внучиња Бисера и Филип. До Бисера тоа беше моето прво јавување, но не и до Филип...

Слично на ова беше и моето прво јавување до Филип: со една разгледница од Њујорк, во времето кога Бисера уште не беше родена.

Видов, согледав дека светов е полн со убавини на кои можам да им се радувам, но, сепак, радоста со моите внучиња Бисера и Филип беше и остана поголема од сè на светов. Па, затоа, покрај разгледниците кои редовно им ги праќав, колку за утеха што не можев почесто да бидам со нив, ме храбреше и можноста што одвреме-навреме успевав да напишам и по некоја песна или расказ, посветени ним.

И, во тие мигови, често се прашував:

„Ќе го разберат ли моите внуци мојот печалбарски живот по светот, или ќе ме разберат само возрасните, кои со мене ја делат истата печалбарска судбина?“

БИСЕРА НЕ САКА СЛАТКИ

Филип има едно кесе со разни слатки. Ужива да јаде од нив. Но, тој не е себичен, па и денес, како и многупати пред тоа, ѝ пристапи на Бисера, неговата мала сестричка.

Од кесето извади едно чоколатче и ѝ го подаде:

– Земи, Биби! – ја понуди јасно и гласно.

Бисера го зеде чоколатчето и веднаш го фрли.

Филип зачудено ја загледа.

Сите се насмеавме. Моравме да му објасниме дека Бисера е уште мала и нема заби, па затоа и не може да јаде од слатките. Потоа му рековме дека тогаш кога и таа ќе може да јаде слатки, ќе мора да ги дели со неа.

Филип одново нè загледа зачудено, и ни рече:

– Е, јас тогаш ќе бидам голем и самиот ќе си купувам со свои пари.

– А ќе ѝ купуваш ли и нејзе? – го праша татко му.

– Се разбира! – одговори Филип без многу двоумење, и весело ја заврши денешната „слатка приказна“.

ЦРТАНИ ФИЛМОВИ ЗА БИСЕРА

Како и секое дете, така и Филип многу сакаше да гледа цртани филмови.

Мошне често ги гледаа заедно со неговиот братучед Стефан, и тогаш тие му се чинеа уште поубави и позабавни.

А, пак, кога потпорасна неговата сестричка Бисера. Филип продолжи почесто да ги гледа цртаните филмови заедно со неа.

И не само тоа.

Кога тие останууваа сами дома, а Бисера ќе почнеше да плаче – Филип веднаш пушташе цртан филм, и таа во истиот миг престануваше со плачењето!

Така цртаните филмови беа од двојна корист.

Ем интересна разонода за обајцата, ем „лек“ против плачење!

ПРВИТЕ ФРИЗУРИ НА БИСЕРА

Бисера навреме прооди. Порасна.

Напоредно со нејзиното растење, нарасна и нејзината коса.

Мајка ѝ, Бети, секој ден ја облекуваше и ја дотеруваше, како со убавата облека, така и со убаво исчешланата коса. Постојано различна.

Така, од година до година, Бисера стануваше и поголема, и „подруга“...

Јас со восхит и со радост ги забележував сите тие промени, и од секоја нејзина нова фризура ми остана да трае и да зрачи по некој спомен.

Но, едно морам да признам: првите фризури на Бисера не се изменија! Во моите спомени, тие останаа да зрачат со една иста, вистинска светлина, па колку и мене годините да ме изменија... И да ми ја менуваа и побелуваа косата!

НОВИТЕ ПАТИКИ

Еден ден Филип се врати од детската градинка невесел и намуртен.

– Што ти се случи, Филипче? – го праша мајка му.

– Денес Лиле не сакаше да си игра со мене. Си играше со Игор.

– А зошто? – се зачуди мајка му.

– Па, мамо, Игор има нови патики...

– А-ха! Зар во тоа е проблемот?!

Мајка му на Филип уште истиот ден излезе по продавниците. Му купи патики и веднаш му ги даде:

– Повели, Филип, имаш нови патики за утре!

Наредниот ден Филип отиде во градинката со новокупените патики и таму пред сите се пофали со нив.

Кога се врати дома, пресреќен раскажа дека тој ден со него си играле сите другарчиња, а најмногу неговата најверна другарка Лиле.

ОД ДЕТСКА ГРАДИНКА ДО АРХИТЕКТ

Секој ден Филип ми се фалеше:

– Дедо, во градинката јас научив многу песнички да пеам и да рецитирам... Имам многу другарчиња... Секој ден си играме разни игри...

Потоа, јас му реков:

– Ме радува што е така. Но, Филип, кога јас бев мал, на твои години, јас не одев во детска градинка. Тогаш немаа сите деца вакви услови, како вие денес. Вие, денешните дечиња, имате прекрасни градинки, разни играчки, убава облека... Секое дете може да изучи занает, да одбере своја професија. Инженер, лекар, пекар, часовничар, архитект, и многу други...

Филип ме прекина во објаснувањето:

– Дедо, дедо, јас сакам да бидам архитект како мама, или инженер како тате.

– Добро, Филип, – му реков, – и тоа време ќе помине, и тој пат брзо ќе го минеш: од детска градинка до архитект или инженер.

ОД КОГО БИСЕРА УЧИ?

Од кого Бисера учи?

Се разбира дека таа најмногу учи од Филип, од нејзиното поголемо братче.

Штом Филип се врати од училиште, откако ќе ги реши зададените задачи и ќе ги научи лекциите за следниот ден, целото преостанато време тој го минува во игри со Бисера.

Но, покрај игрите, Бисера од него учи и по некоја буква, а учи и да брои.

А таа, пак, штом ќе научи нешто, веднаш трча да се пофали пред мајка ѝ или татко ѝ. А потоа, се знае: следи пофалба и заслужена награда...

Еден ден, Бисера и мене ми се пофали:

– Дедо, дедо, слушај, јас ја научив азбуката. А знам и да бројам...

Внимателно ја ислушав, но не се изненадив, затоа што знаев дека Бисера е мошне вредно и бистро девојче. Во исто време, и јас не заборавив да ја пофалам, а брзо се сетив и каква награда да ѝ дадам. Ѝ купив книга, пристапна за нејзината возраст, за да може да продолжи да ги учи буквите и броевите.

Бев убеден дека така прават сите дедовци и баби, зашто знаат дека пофалбите и наградите за децата се најдобар поттик за да учат повеќе и да стекнуваат сè поголеми и поголеми знаења, кои ќе им требаат во животот што е пред нив.

15
ЧЕВЛИЧКИ ЗА БИСЕРА

Во станот каде што живее Филип, на една полица во ходникот виде негови чевлички од годините кога тој бил помал и веќе ги надраснал.

Еден ден, тој реши еден пар од нив, најубавите, да ѝ ги подари на Бисера.

Мајка му забележа кога тој ги крена од полицата и веднаш го праша:

– Зошто ти се тие чевлички, Филипче? Тие ти се мали...

– Не за мене, – ѝ одговори Филип. – Јас сакам да ѝ ги подарам на Биби.

– Не може!

– Зошто, мамо?

– Затоа што тие се машки. Со боја што не одговора за неа.

Неколку секунди подоцна, Филип одлучно рече:

– Штом овде нема чевлички за Биби, тогаш јас ќе ѝ купам други. Со пари од мојата касичка. Тие чевлички ќе ѝ ги подарам за роденден.

Така и беше.

По извесно време, и тие чевлички, подарокот од Филип, Бисера ги надрасна и не можеше веќе да ги обува...

Но, затоа, пак, останаа како драг спомен да стојат на полицата за чевли.

За секој дома да може да ги види и да си спомне на убавите настани од детството.

16
ДРВОТО ВО ПАРКОТ

Додека Филип се одмораше на балконот од станот во кој живеат, му дојде на ум нова идеја.

Реши да го нацрта дрвото од паркот пред зградата, под кое често си играл уште како мал.

Решено – сторено.

Го нацрта дрвото на цртежот и го обои зелено.

Кога го видоа неговите домашни, сите го фалеа и го прашува:

– Зошто го одбра токму тоа дрво да го нацрташ?

Одговорот на Филип беше едноставен:

– Кога јас бев мал, и дрвото беше мало. Со време, јас пораснав. И дрвото пораснало. Ми се чини сега дека со гранките свои веќе го допре нашиот балкон и сака со мене да се ракува! Веќе со него станавме верни другари... Зарем не?!

ИЗМИСЛЕНОТО „ДРУГАРЧЕ“

Додека Филип одеше во детска градинка, таму имаше многу другарчиња. Но, кога тргна на училиште, мораше да се раздели од нив.

Неговите родители се преселија во друга населба, и во првиот период по преселбата, Филип дома си играше само со сестричката Бисера.

Неговите другарчиња од градинката очигледно му недостасуваа. Не можеше нигде да ги сретне, иако живееја во ист град.

Еден ден тој нацрта еден цртеж кој го постави на највидно место во неговата соба – за да може секој да го види.

– Тоа е моето ново другарче! – ми посочи Филип, покажувајќи го ликот на цртежот.

– Како се вика? – прашав.

– Нема име. Измислено е... – кратко одговори Филип.

Јас веднаш сфатив:

Филип си измислил и си замислил другарче, кое го потсетува на неговите другарчиња од детската градинка.

БОН-ТОН СОВЕТИ ЗА ДЕДО

Многу поуки најдобро се учат уште од раното детство. Таков е случајот и со Филип, кој уште кога одеше во детска градинка научи како примерно да се однесува. На пример, тој уште тогаш научи како се постапува при прошетка низ град, како на гости, а, секако, како и дома.

Еден ден, појдов кај Филип да го посетам. Само што влегов во станот, пружив рака за да се ракувам со него. Но, на мое големо изненадување и чудење, Филип веднаш ме одби!

Ми рече:

– Дедо, слушај што ти кажувам: штом доаѓаш од надвор, првин треба да си ги измиеш рацете, а потоа да се поздравиш!

Постапив како што ме посоветува тој.

Откако во бањата ги измив рацете со сапун, се поздравив со сите дома, а, најсрдечно, се разбира – со Филип.

– Така треба, навистина... Браво, Филип! – заслужено го пофалив.

И не само тогаш.

Тој знае и дека додека се јаде – не се зборува. И дека и после секој оброк, исто така, се мијат рацете. И забите.

– Тоа што важи за децата, важи и за возрасните! – ми нагласи Филип и во една друга пригода.

– Точно, Филип! – повторно му возвратив со одобрување и со пофалба. – Секое правило од бон-тонот што го знаеш и го применуваш, ти, како дете, признавам дека важи за сите, па и за твојот дедо!

ФИЛИП ВЕЖБА АИКИДО

Уште кога Филип беше помал, многу сакаше да спортува.

Еден ден, тој слушнал од неговите другарчиња дека некои од нив одат да вежбаат аикидо. Веднаш дома возбудено раскажа сè што дознал во врска со тоа.

Радосен дека ќе им се приклучи на другарчињата, Филип почна и да сонува како вежба аикидо.

Кога тргна на обука, уште првиот ден му се допаднаа вежбите и брзо почна да ги учи. Набргу совлада неколку мошне значајни борбени техники.

Покрај пофалбите кои ги добиваше од инструкторот, го фалеа и родителите. И бабите и дедовците негови.

Сите се гордеевме со него, а најмногу неговата сестричка Бисера.

Тој за неа беше најдобриот аикидо – мајстор на светот. Најсилниот.

И сегашен и иден нејзин заштитник.

МАЛА ПОВРЕДА – ГОЛЕМА ПОУКА

Неколку пати во неделата Филип одеше да вежба аикидо. Но, една вечер тој се врати мошне нерасположен.

Штом влезе во станот, веднаш легна. Со никого не се поздрави. Дури ни со сестричката Бисера.

Мајка му му пристапи загрижено и го праша зошто е толку намуртен и тажен.

Филип ѝ раскажа дека за време на вежбањето го повредил носето.

За да го смири и успокои синот, мајка му ја зеде книгата „Пинокио“ и почна да му чита.

Слушајќи ја приказната, Филип заспа...

Кога се разбуди, Филип се сети на Пинокио. Тогаш, без многу размислување, рече:

– Мамо, подобро е да имам повредено носе, отколку како Пинокио да добијам толкав нос! За казна – бидејќи лажел... А јас ја кажав вистината, нели?

Savo Kostadinovski

BISERA UND PHILIP

ANSTELLE EINES VORWOTS

Jedes Buch, das ich schrieb, ob nun Poesie oder Prosa, ob für Erwachsene oder Kinder, stand auf unterschiedlicher thematischer und inspirativer Grundlage.

Die vorliegende Sammlung von Kurzerzählungen für Kinder schuf ich als eine Art Spiel, da ich sie schrieb in der Zeit, die ich mit meinen Enkelkindern Bisera und Philip verbrachte oder auch nur an sie dachte.

Bei dieser Gelegenheit, da sie bereits in einer Sonderedition, einer Bildmappe, veröffentlicht wurden, muss ich darauf hinweisen, dass die Abfassung von Erzählungen in derartiger Kurzform weiß Gott keine einfache Sache ist. Dennoch habe ich aus großer Liebe zu meinen Enkelkindern viele Begebenheiten, Ereignisse, Aussprüche und Einfälle, die ich bei unseren gemein- samen Begegnungen und Wiedersehen hörte und mitbekam, zu diesen Prosa-Miniaturen zurecht geschliffen.

Deshalb kann ich mit allem Recht darauf verwiesen, dass diese Sammlung mein „Hauptzeuge" ist, dass ich so meinen Verpflich- tungen ihnen gegenüber nachkomme: Eine Bestätigung, wie beständig sie bei mir sind, auch wenn ich von ihnen entfernt sein mochte – auf meinen Wegen durch die Welt.

Der Verfasser

PHILIP UND BISERA

Als Bisera geboren wurde, war Philip noch klein. Zum ersten Mal sah er daheim ein so kleines Baby. Er freute sich sehr über das neugeborene Schwesterchen, und wenn er sie ansah, fragte er oft seine Mutter:

– Mama, warum weint das Baby? Warum schläft es so viel? Warum lacht und spricht es nicht?

– Ach, Philip, – auch jetzt, wie schon so häufig zuvor, versuchte Mutter eine verständliche Antwort auf seine Fragen zu finden. Als sie alles zum wer-weiß-wie-vielten-Male für ihn erklärt hatte, fügte sie scherzhaft hinzu:

– Also, – laut lacht und spricht?

– Das habe ich gesehen, Mama, und gehört ...

– Wie bitte, sag mal, wo du das gesehen hast! – Mutter fragte interessiert nach.

– Na einmal im Fernsehen, Mama, da habe ich mehrmals ein Baby gesehen, und ich habe gehört, wie es laut lachte und redete.

Auf diese Worte hin musst auch Philips Mutter laut lachen. Und Philip, der sich alles nach seinen kindlichen Vorstellungen zurechtlegte, stellte ihr eine weitere verblüffende Frage:

– Mama, kannst du dieses Baby nicht gegen ein anderes Baby eintauschen, eins das lachen und sprechen kann?

– Ich tausche es gegen kein anderes auf der Welt ein, – sagte ihm seine Mutter, – im übrigen auch deshalb nicht, weil nach geraumer Zeit auch unser Baby laut lachen und sprechen wird, mit einem lieben Stimmchen wie deinem!

OMA, WO GIBT ES SCHAM?

In Philips damaligem Alter verwundert es nicht, dass er nichts von Scham wusste. Sogar das Wort war ihm unklar. Jedoch hörte und behielt er viele Dinge in Verbindung mit Scham, von denen die Erwachsenen sprachen. Und auch darüber, dass „der da keine Scham kennt …“

Eines Tages fragt Philip seine Großmutter:

– Oma, warum habe ich keine Scham?

– Warum wohl, fragt Großmutter lächelnd zurück.

– Aber wo gibt es sie überhaupt? Kann man sie irgendwo kaufen? – fragt Philip hartnäckig weiter.

Seine Großmutter überlegt, wie sie ihm das erklären soll:

– Kleine Kinder schämen sich überhaupt nicht … Plötzlich, als ob ihm etwas einfiele, fragt Philip wieder:

– Und Bibi, hat sie denn Scham?

– Bibi ist noch kleiner als du, und sie kennt auch keine Scham – antwortet ihm Großmutter.

– Das also, stößt Philip kurz hervor, als sei er mit der Erkenntnis einverstanden, dass auch Bisera „keine Scham hat“, und zufrieden kehrt er zu seinen Spielsachen zurück.

– Vielleicht sucht ja auch sie die Scham irgendwo.

EINE SONNE FÜR BISERA

Bereits als er noch in den Kindergarten ging, lernte Philip zu zeichnen. Und er hat es gut gelernt.

Eines Tages zeichnet er auf ein Blatt Papier eine große Sonne. Auf die Frage, warum er eine Sonne gezeichnet habe, antwortete Philip:

– Ich habe sie gezeichnet, weil Mama den ganzen Tag meine Schwester Bisera anredet: Meine Sonne! Meine Sonne! Darum werde ich die Zeichnung mit der großen Sonne an die Wand von Bibis Zimmer hängen. Sie ist Mamas Sonne!

Bald darauf hat Mama Betti, ohne das Philip es sah, auf dem Blatt eine weitere Sonne gezeichnet.

14

IN DEM DORF LJUBANZI

An einem Wochenende fuhren wir mit Philip in das Dorf Ljubanzi. Dort besitzen die Großeltern Nikola und Svetlana ein Sommerhäuschen.

Philip fühlt sich in dem Dorf immer sehr wohl.

Ich sah, wie glücklich und fröhlich er im Freien spielte. Freudig erklärte er mir, dass man von hier oben ganz Skopje im Blick habe. Man sähe auch Vodno und andere Bergorte.

Ich hörte ihm lächelnd zu, aber ein bisschen vor ihm protzen durfte ich auch:

– Philip, möchtest du wissen, wie mein Geburtsort Botuše aussieht?

– Ja, Opa, gern sogar – war Philips Reaktion.

– Mein Dorf liegt am Fuße des Bergs Dobra Voda. Von allen Seiten ist es von anderen Bergen umgeben. Und inmitten dieser schönen Berge liegen die „Quellen von Botuše"...

Noch vieles von meinem Heimatdorf habe ich Philip erzählt, worauf er mir sagte:

– Opa, dieses Dorf möchte ich möglichst bald sehen!

– Einverstanden, Philip, auch ich möchte gern nach Botuše gehen – zusammen werden wir uns an der Schönheit von Dorf und Bergen erfreuen.

SPIEL FÜR BISERA

Philip versucht, seine Schwester Bisera in manche Spiele einzubeziehen. Er gibt sich wirklich Mühe, aber Bisera will nicht – sie ist eben noch ein Baby.

– Bibi weiß nicht, wie man spielt! – beschwert Philip sich. Und dann fügt er hinzu:

– Aber, schaut mal – sagt er, – Bibi hat kleine Hände, mit denen es das Brüderchen streicheln könnte. Das wäre doch auch ein Spiel, oder nicht?

Nach einer Weile hebt Bisera die rechte Hand und wedelt mit ihr wie ein Fähnchen im Wind.

Philip rennt stolz zu seiner Mutter und ruft laut zu ihr:

– Schau, was ich ihr beigebracht habe! Jetzt kann ich mit Bibi spielen!

16

„FALSCHE“ FOTOGRAFIE

Auf der Vitrine im Wohnzimmer stand eine Fotografie von Philips Mutter. Irgendwann fragte der seinen Großvater:

– Wer ist das Kind, Opa?

